# Поранешното раководство на МЕПСО под истрага, непотизмот продолжува (1)

*28.02.2019 – ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБАРАТОРИЈА*

*Автор: Маја Јовановска*



*Кога пред една година Државниот завод за ревизија го објави извештајот за финансиското работење на МЕПСО, во јавноста беше обелоденето како се трошеле милиони евра државни пари. Медиумите јавуваа дека постојат сериозни индиции за незаконско работење, злоупотреба на службената положба на раководните лица, сомнителни тендери и корупција. Државниот завод за ревизија извештајот го достави до Јавното обвинителство, а откако Владата го разгледа на седница и таа побара обвинителството да ги испита наодите во него. Оттогаш помина една година, а ревизорскиот извештај падна во заборав поради секојдневни нови афери во самата компанија започнувајќи од тендери за фотелји од телешка кожа, преку партиски вработувања и непотизам.*

За случајот „МЕПСО" истрага водат Обвинителството за организиран криминал и Финансиската полиција

Ревизорскиот извештај за финансиското работење и ревизија на усогласеност на МЕПСО за 2016 година ДЗР го објави лани на 13 март. Ревизијата е вршена од 1 март до 28 јули 2017 година, за периодот кој опфаќа двајца директори – Синиша Спасов кој беше генерален директор од 25 декември 2012 до 6 октомври 2016 година. И неговиот наследник Ненад Јовановски, на чело на компанијата од 18 октомври 2016 до 7 септември 2017 година.



Синиша Спасов – директор на МЕПСО од 2012 до 2016 година

Уште пред да биде јавен, извештајот ревизорите го доставиле до Јавното обвинителство, со цел да ги провери наодите за тоа како работело раководството на оваа компанија. Првите сигнали дека треба да биде отворена истрага стигнаа од Владата, која е единствен акционер и сопственик на МЕПСО. Откако беше разгледан на седница, Владата одлучи извештајот да го достави до Јавното обвинителство.

„Има одредени наоди поради кои Владата донесе одлука и заклучи дека овој ревизорски извештај ќе биде испратен до Основното јавно обвинителство со цел овие индикативни наоди да се проверат дополнително и дека доколку Обвинителството смета дека има простор за некакви постапки, да ги започне", изјави владиниот портпарол Миле Бошњаковски на прес-конференција одржана на 4 април минатата година.

ИРЛ испрати прашање до Јавното обвинителство дали е отворен предмет за МЕПСО и оттаму го добивме следниот одговор.

„Надлежен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој постапува по предметот во врска со Конечниот извештај по извршена ревизија кај МЕПСО има издадено наредба до релевантни институции за прибирање на податоци".

Од обвинителството велат дека предметот е во предистражна постапка и не можат да споделат повеќе детали. Според информациите на ИРЛ, финансиската истрага ја врши Управата за финансиско разузнавање. А, своја истрага отворила и Управата за финансиска полиција која истражува како МЕПСО ја преплати барокната фасада на деловната зграда во центарот на Скопје.

Државниот ревизор обелодени како милиони евра од касата на МЕПСО се потрошени за ски центри, стотици илјади евра се одлевале за адвокатски услуги, бил купен најсовремен софтвер кој никогаш не бил ставен во функција, а барокната фасада и реконстрункцијата на зградата која достигна цена од 11 милиони евра и по пет години не е довршена.

**Како „Дивелоп груп" ќари 1 милион евра од МЕПСО**

МЕПСО е компанија во целосна државна сопственост, која е формирана во 2005 година со трансформацијата на Електростопанство на Македонија. ЕСМ се подели на две компании МЕПСО и ЕВН, а тогаш на МЕПСО му припаднаа 4.962 м2 во центарот на Скопје каде е сместена дирекцијата.

Токму деловната зграда која во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ беше проширена и надградена во барок стил денес е предмет на истрага поради постоење на сомневања за финансиски проневери и злоупотреба на службената положба на раководството.

Во август 2011 година „Телеком", кој беше сместен во истата зграда, поради преселба на МЕПСО му нуди да го купи неговиот деловен простор со површина од 2.178 м2 по цена од 3.700.000 евра. Управниот одбор на МЕПСО ја одбил понудата со образложение дека во моментот нема пари за таа намена.



Зградата на МЕПСО додека се уште ја делеше со Телеком

Во меѓувреме деловниот простор што му се нудел на МЕПСО го купува приватна фирма „Дивелоп груп Скопје", сопственост на Александар Ивановски познат како Алек Теранова, кој беше бизнис партнер во многу зделки со Јордан Камчев и Сашо Мијалков.

По само една година, во ноември 2012 година, истиот УО на МЕПСО донел одлука да објави јавен повик за купување на деловен простор. А, единствен понудувач кој се јавил на огласот била токму „Дивелоп груп Скопје", но не била иста и цената.

Сепак МЕПСО одлучува да купи деловен простор од 2.225 м2 и гаражи и помошни простории од 525 м2 за цена од 4.812.500 евра. Односно 1,1 милион евра поскапо од првичната понуда на Телеком.

Во ревизорскиот извештај се открива дека во периодот кога „Дивелоп груп" го нуди просторот 572 метри квадратни се водат како дивоградба. Просторот бил легализиран непосредно пред да се склучи купорподажниот договор во декември 2012. Па така, Алек Теранова ја легализира дивоградбата и овој простор МЕПСО го плаќа по истата цена како и легалниот деловен простор. Односно по 1750 евра за метар квадратен. Само од легализираните дивоградби добива 1.001.000 евра.

Тоа бил првиот договор што го склучил новиот директор Синиша Спасов кој на функцијата доаѓа во октомври 2012 година. Тој за ИРЛ вели дека кога бил избран за директор одлуката за купување на деловниот простор веќе била донесена на УО, а согласност дала и Владата.

„Во секој случај купувањето на просторот беше оправдано, бидејќи вработените немаа услови за работа. Дозвола за проширувањето даде и Владата, во чија сопственост е МЕПСО.", вели Спасов.

Според него целата процедура била спроведена во јавна, транспарентна и недискриминаторна постапка.

Седум години подоцна, ревизорскиот извештај откри индиции за коруптивен договор, а обвинителството отвори предмет.


Државен завод за ревизија

**Собранието не раСправаше за трошењето на парите од МЕПСО**

Ревизорските извештаи редовно се испраќаат до Собранието на СРМ, но многу ретко се случува за некој од нив да се дебатира на седница. Таков е случајот и со извештајот за МЕПСО. Од Парламенот за ИРЛ потврдија дека уште лани го добиле извештајот, но како што рекоа тој „служел само за информирање на пратениците". Ниту еден од нив не побарал да се анализира она што ревизорите го утврдиле, ниту пак се заинтересирал како се трошеле милиони евра во оваа државна компанија.

„Штоф" за истрага не видоа ни старите антикорупционери, на чие чело лани во март кога излезе извештајот беше Игор Тантуровски. Во тој период Антикорупциската комисија и самата беше фатена во криминални активности, па ревизорскиот извештај за МЕПСО не беше предмет на анализа ни на оваа институција.

Утешително е тоа што во иднина антикорупционерите ќе анализираат и ќе отвораат предмети врз основа на ревизорски извештаи доколку во нив има индиции за криминал.

„Согласно новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има законска надлежност да постапува и врз основа на конечните извештаи за извршена ревизија од страна на Државниот завод за ревизија да покренува иницијатива пред надлежни органи", велат за ИРЛ од Антикорупциската комисија.

Сепак, МЕПСО се најде како проблем уште на првата седница на новата Антикорупциска комисија, не поради извештајот на ДЗР, туку како една од компаниите во која се истражува дали има непотизам при вработувањето на сестрата на министерот за економија Крешник Бектеши.

Оваа државна компанија е една од топ петте компании кои важат за „златни кокошки" на власта. Има многу пари, а вработените солидни плати. По падот на власта на Груевски, нападот врз МЕПСО со партиски вработувања го продолжи Владата на СДСМ и ДУИ.

## Прв дел

## (Во продолжение што откри Државниот завод за ревизија во МЕПСО)

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

GOOD GOVERNANCE FUND UK|MK Reform assistance to Macedonia Поддршка на реформите во Македонија

*„Овој проект е финансиран од UK aid преку Владата на Обединетото Кралство; со тоа што ставовите презентирани во истиот, не секогаш ги одразуваат официјалните политики и ставови на Владата на Обединетото Кралство."*